**А. Потребна документација која крајниот корисник физичко лице ја доставува до банката при наплатите од странство:**

| Ред бр. | Вид на трансакција | Документ |
|---|---|---|
| **1.** | **Прилив по основ на ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ** | |
| | **- вложување на резиденти во странство** | |
| | - прилив на сметка на резидент од нерезидент по основ на дивиденди и други добивки од вложување на резиденти во странство<br>- повлекување на влогот на резидентот од странство (директни инвестиции) | Резидентот доставува:<br>- потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија за извршен упис во регистарот на директни инвестиции на резидентите во странство |
| **2.** | **Прилив по основ на ПОРТФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ** | |
| **2.1** | -Прилив врз основа на продажба на хартии од вредност(портфолио инвестиции) | Резидентот доставува:<br>**-** Налог за продажба/извештај од продажба на хартии од вредност во странство<br>- Договор со кој се уредува односот со овластениот учесник на пазарот од хартии од вредност / овластениот учесник на странска берза или странски организиран пазар на хартии од вредност или<br>-Друг документ со кој може да се потврди транскцијата |
| **2.2** | Прилив врз основа на дивиденди, камати и други приноси од хартии од вредност (портфолио-инвестиции) | Резидентот доставува :<br>-извод од сметка за хартии од вредност издаден од соодветен странски депозитар или<br>-известување/документ за исплатена дивиденда, камата или други приноси од хартии од вредност |
| **3.** | **Прилив по основ на НЕДВИЖНОСТИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕЗИДЕНТ** | |
| | - прилив на сметка на резидент од нерезидент по основ продажба на недвижност во странство во сопственост на резидент<br>- прилив на сметка на резидент од нерезидент по основ доход од недвижност во странство во сопственост на резидент | Резидентот доставува:<br>- потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија за извршен упис во регистарот на недвижности на резиденти во странство |
| **4.** | **Прилив по основ наплата на главнина и камата по одобрени кредити на нерезиденти** | Резидентот доставува:<br>- кредитна пријава од Народна банка на РСМ за кредитни работи кои се предмет на поединечно известување |
| **5.** | **Прилив на средства на физичко лице со постојано место на живее во РСМ од негова лична сметка во странска банка во земјата каде имаат дозвола за привремен престој** | Резидентот доставува:<br>- документ за регулиран престој повеќе од 3 месеци*<br>(како документ за престој во странство се смета документ издаден од надлежен орган во државата со кој се регулира престојот во таа земја или визата за престој повеќе од 3 месеци евидентирана на патната исправа) |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Прилив на средства на физичко лице со постојано место на живее во РСМ од сметка во странска банка во земјата каде е издадена патната исправа** | Резидентот доставува:<br>- патна исправа со податоци за адресата на живеење во странство* |
| **7.** | **Прилив на средства на физичко лице со постојано место на живее во РСМ од негова лична сметка во странска банка во земјата каде што е седиштето на странскиот работодавач и во земјата каде има** негови организациони делови или каде што е седиштето на надлежниот орган којшто го издал документот за вработување | Резидентот доставува:<br>- документ за работа во странство (како документ се смета договор за работа склучен со странски работодавач или друг документ за вработување издаден од надлежен орган во странска држава, вклучително и работна виза содржана во патната исправа во кои е наведен периодот на кој се однесува)* |
| **8.** | **Прилив на средства на физичко лице со постојано место на живее во РСМ од негова лична сметка во странска банка од земјата во која што привремено престојуваат во странство како вработени во дипломатско претставништво и членови на нивни потесни семејста за време на нивниот престој во странство.** | Резидентот доставува:<br>- документ за работа во дипломатското претставништво во странство (како важечки документ се смета дипломатска патна исправа, документ издаден од надлежен орган во државата со којшто се регулира престојот во таа држава или писмена изјава на амбасадорот, конзулот или друго лице кое што раководи со преставништвото, со која изјавува дека физичкото лице е вработено во диплиматското преставништво, со која изјавува дека физичкото лице е вработено во дипломатското преставништво, односно дека е член на потесното семејство на лице вработено во дипломатското претставништво* |
| **9.** | **Прилив на средства на физичко лице со постојано место на живее во РСМ од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка за комитенти кои имаат прилив** по основ на стекната лична пензија во странство, пензија од починат брачен другар, социјална помош, детски додаток, школарина на дете поради починат родител | Резидентот доставува:<br>- соодветна документација издадена од надлежен орган во странство за прием на лична пензија, пензија од починат брачен другар, социјална помош, детски додаток, школарина на дете поради починат родител* |
| **10.** | **Прилив на средства на физичко лице со постојано место на живее во РСМ од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка за комитенти кои имаат прилив** по основ на на исплата на премија/штета од осигурување на животот | Резидентот доставува:<br>-Соодветна документација за премија/штета од осигурување на животот како и доказ дека договорот за осигурување не е склучен во спротивност со прописите во РМ( доказ дека физичкото лице во моментот на склучување на договорот имал статус на нерезидент во државата во која претстојувал или било во работен однос кај странски работодавач)* |
| **11.** | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка** по основ и за потребите на образование | Резидентот доставува:<br>-документ издаден од надлежна странска образовна институција,странски надлежен орган,дипломатско-конзуларно претставништво на странска земја во РСМ **** (со кој се потврдува дека за издавањето документ за регулиран престој во таа држава заради образование,резидентот претходно треба да отвори сметка |

| | | |
|---|---|---|
| | | во странска банка и да дозначи точно наведен износ на средства на сметката) |
| 12. | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка** по други основи | Резидентот доставува:<br>-Одобрение од НБРСМ за отворање на сметки во странски банки (во согласност со Одлуката за начинот и условите под кои резидентите кои не се овластени банки може да отвараат и имаат сметки во странство) |
| 13. | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка** по основ на продажба на недвижен имот во странство во сопственост на резидент | Резидентот доставува:<br>- потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија за извршен упис во регистарот на недвижности на резиденти во странство<br>-договор за продажба ** |
| 14. | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка** по основ на закуп на недвижен имот во странство во сопственост на резидент | Резидентот доставува:<br>- потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија за извршен упис во регистарот на недвижности на резиденти во странство<br>-договор за закуп ** |
| 15. | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка** по основ на продажба на хартии од вредност,дивиденди,камати и други приноси врз основа на хартии од вредност во сопственост на резидент | **За продажба на хартии од вредност** резидентот докажува со:<br>-Налог за извршување на трансакцијата или<br>-Извештај за извршена трансакција или<br>-Договор или друг документ со кој може да се потврди трансакцијата или<br>-Соодветен документ со кој може да се потврди воспоставувањето деловен однос меѓу резидентот и овластениот учесник на странска берза или на организиран пазар на хартии од вредност<br>**За побарувањата од дивиденди, камати или други приноси врз основа на хартии од вредност** резидентот докажува со:<br>-известување/документ за исплатена дивиденда,камата или други приноси од хартии од вредност како и<br>- извод од сметка за хартии од вредност издаден од соодветен странски депозитар*** |
| 16. | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска платежна институција или институција за електронски пари на негова сметка во домашна банка – само за комерцијални цели односно за продавање стоки или услуги по електронски пат** | Резидентот доставува:<br>-Изјава од која се утврдува основот на трансакцијата |

*** Приливот може да се распредели доколку физичко лице има дозвола за престој или за работа/патна исправа од една држава, а приливот е од било која земја од ЕУ или СЕПА( земјите коишто се дел од Единствената област за плаќање во евра - СЕПА се сметаат како единствена земја) .**

**** Приливот може да се распредели само ако е дојден од земјата каде што е стекнат недвижниот имот до висината на износот од договорот за продажба,договорот за закуп.**

***** Приливот може да се распредели само ако е наведен основот на транскцијата (продажба на хартии од вредност,исплата на дивиденда,камата или друг принос), до висината на износот на побарувањата врз основа на продажба на хартии од вредност во странство,дивиденди,камати или други приноси врз основа на хартии од вредност**

**Приливот може да се распредели и по истекот на рокот на важност на документот за престој или за работа во странтсво, како и документот за стекнати права.**

**Банката согласно законската регулатива може покрај наведените документи да побара од корисникот доставување  и на дополнителен документ заради потврдување на основот на наплатата, како што се:**

- Договор за работа
- Договор за заем/позајмица
- Договор за осигурување/исплата на штети
- Договор за извршување на повремени услуги
- Договор за посредување
- Договор за дар
- Договоз за купопродажба на подвижен или недвижен имот
- Извод од сметка во странска банка
- Фактура/пресметка за извршена работа
- Документи од даночна управа
- Документи за брокерски сметки и сметки за тргување

******сметката отворена врз оваа основа може да се отвори само во земјата од којашто е издаден документот од надлежна странска образовна институција,странскиот надлежен орган,дипломатско-конзуларното претставништво на странска земја во РСМ**